Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 215/0306
10.10 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.09.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски за „Независен.мк“ ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: Раководителите на „Битолски Монмартр“ на распит во полицијата за носењето деца кај бугарски политичари објавен на 17.08.2023 на дигиталниот медиум Независен.мк не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

# ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 август 2023 година од Славчо Неделковски пристигна жалба за текстот: Раководителите на „Битолски Монмартр“ на распит во полицијата за носењето деца кај бугарски политичари, објавен на 17.08.2023 од страна на Независен.мк.

Жалителот наведува во жалбата дека „новинарот првенствено се јави лично кон мене но не како физичко лице ами носител на позицијата Претседател на УО при Детско ликовно студио Свети Кирил и Методиј Битола и побара да потврдам дека МВР Битола по налог на ОЈО извршило распит врз мене и Претседателката на здружението по основ на отворен предмет од кривична постапка. Се горенаведено беше лага. Одговорот беше дека ни Елена Хаџи-Антоновска ни јас немаме такви информации и она што знаеме – дека претходниот ден бевме на детска ликовна колонија во Вевчани што е видливо по медиумите и вчера имав лекарски прегледи поради здравствени причини. Сепак произлезе повторно текст кој има поприлично огромни отстапки од професионално новинарско информирање при што се користи и не толку вешта манипулација со факти и мислење“..., наведува жалителот.

Притоа тој заклучува дека манипулацијата се однесува на тоа дека немало распит во полиција, немало предмет во обвинителство, немало истрага, итн.

# ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Независен да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот до СЕММ немаше пристигнат никаков одговор

# МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 14 септември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите или други институции. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.
Мнозинството членови од Комисијата за жалби беа согласни дека станува збор за тема од јавен интерес. Притоа, Комисијата констатира дека се проверени најмалку три извори – извор во полицијата, извори во обвинителството кои се и официјално потврдени, како и самиот жалител, г. Неделковски со кого било разговарано.
Притоа Комисијата едногласно се согласи и дека во самата информација нема нарушување на Кодексот, без оглед дали станува збор за истрага, предистрага, официјален предмет или предмет што чека да се дооформи, итн.

Комисијата имаше поделено мислење околу еден елемент, т.е. насловот на текстот во Независен. Дел од членовите сметаа дека насловот отстапува од содржината на информацијата, каде никаде нема потврда дека раководителите на манифестацијата „се на распит во полиција" и предложи одлука нарушување на Кодексот.

Сепак, мнозинството од Комисијата е на став дека во целина нема нарушување на професионалните стандарди и дека информацијата е од голем јавен интерес, па од таму се донесе одлука како што е наведена на почетокот од овој документ.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595